Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр 02-3133/9
31.12.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 120 и член 135, став 6 од Законот за високо образование на РМ (Сл. Весник на РМ бр. 82/18), Деканатската управа на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXI редовна седница, одржана на 27. XII 2018 година, донесе

# УПАТСТВО

## за пријавување, оцена и одбрана на магистерски труд на втор циклус студии на Филозофскиот факултет во Скопје

I

На Филозофскиот факултет во Скопје студентите на втор циклус студии имаат право да пријават и одбранат магистерски труд од научната област на која ги завршуваат студиите, согласно следната постапка за пријавување, оцена и одбрана на магистерски труд:

1. Студентот може да пријави магистерски труд по положувањето на предвидените испити согласно студиската програма.

2. Пријавата за изработка на магистерски труд (МР – Образец 1 ) се доставува во Одделението за студентски прашања заедно со предлог на ментор, изработениот елаборат во два примероци и во електронска форма. Заедно со барањето се доставува и индексот за да се отвори досието на студентот.

3. Елаборатот содржи: наслов на темата, образложение за научната и стручната оправданост на темата, план за работа и преглед на литературата. Насловот на темата на магистерскиот труд во пријавата на студентот задолжително се пишува на македонски и на англиски јазик.

3.1. Подесување на страницата е 2,5 см на сите маргини, фонт Georgia со македонска поддршка, 12 точки, проред 1,5 (line spacing), простор меѓу проред 6 точки (spacing - after), пасус 1 см од лева маргина (special – first line).

3.2. За секоја студиска програма елаборатот се изработува согласно предлог апликацијата за соодветната програма поставена на веб страната на факултетот, www.fzf.ukim.edu.mk.

4. Во текот на една учебна година, еден наставник може да биде ментор на најмногу 12 кандидати кои изработуваат магистерски трудови на сите студиски програми. Евиденција за бројот на кандидати по наставник се води од страна на Наставно-научниот колегиум на студиската програма, како и од страна на административните лица за втор и трет циклус студии.

5. Откако административното лице за втор и трет циклус студии ќе го провери досието на студентот, преку архивата на факултетот ја доставува пријавата до Наставно-научниот колегиум на студиската програма.
6. Наставно-научниот колегиум на студиската програма има обврска во рок од 40 дена од денот на примање на пријавата да ја разгледа истата и да даде одговор по неа.
7. Пријавата може да се прифати, одбие или да се доработи. Во случај да се одбие или да се доработи Раководителот на студиската програма потребно е писмено да го извести студентот. Примерок од известувањето се доставува и во Одделението за студентски прашања за да се приложи во досието на студентот.
8. Наставно-научниот колегиум на студиската програма за втор циклус на студии, позитивно мислење по доставената пријава за изработка на магистерскиот труд (МР – Образец 2) поднесува до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
9. По завршувањето на менторската фаза, односно по изработка на магистерскиот труд, во Одделението за студентски прашања студентот доставува:
   - 3 примероци од магистерскиот труд ( укоричени во спирала);
   - барање за фомирање на Комисија за оценка на магистерски труд (МР – Образец 4 );
   - изјава од студентот дека трудот не е плагијат (прилог 3) и
   - менторска изјава
10. Студентот го предава изработениот магистерски труд најдоцна во рок од една година од денот на одобрување на темата на магистерскиот труд.
11. По барање на студентот (МР – Образец 9 ) може да се одобри продолжување на рокот за изработка на магистерскиот труд согласно прописите кои ја регулираат оваа материја.
12. Откако административното лице за втор и трет циклус студии ги провери поднесените материјали, преку архивата на факултетот ги доставува до Наставно-научниот колегиум на студиската програма.
13. Наставно-научниот колегиум на студиската програма на втор циклус студии поднесува мислење по доставеното барање за формирање на Комисија за оцена на магистерскиот труд составена од 3 члена, (МР – Образец 4-1) до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет - Скопје, во рок од 45 дена од денот на доставувањето на трудот.
14. Координаторот на Наставно-научниот колегиум на студиската програма на втор циклус студии води евиденција за формирани комисии за оцена на магистерски труд ( Прилог 2 ).

15. Комисијата за оценка на трудот е должна да го прегледа трудот и писмено да му ги достави забелешките на кандидатот во рок од три месеци од денот на предавањето на трудот. Кандидатот е должен да постапи по забелешките во рок од најмногу три месеци.
16. Комисијата изготвува извештај во кој дава оценка и образложение на трудот, најдоцна во рок од три месеци од денот на предавање на трудот.
17. Извештајот се доставува до Одделението за студентски прашања, кој го доставува до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје. Заедно со извештајот во два примероци, менторот доставува и извештај од Базата за проверка на плагијати на магистерски трудови (менторот задолжително го внесува магистерскот труд во базата за проверка на плагијати најмалку 30 дена пред одбраната на магистерскиот труд), како и примерок од магистерскиот труд во пдф – формат на маил адресата на административните лица за втор и трет циклус студии.
18. По усвојување на извештајот, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје формира Комисија за одбрана и го определува денот на одбраната, во рок од ~~15~~ дена од прифаќањето на извештајот. 7 – 30
19. По барање на студентот (МР – Образец 10) може да се одобри продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот труд зависно од причината за која настанала потребата за одложување на рокот, а врз основа на поднесена документација.
20. Одбраната на трудот е јавна и се објавува на огласната табла најмалку 7 дена пред денот на одбраната.
21. Најдоцна до денот на усвојување на извештајот, студентот е должен да достави 6 укоричени примероци од магистерскиот труд во Одделението за втор и трет циклус на студии, и тоа еден за во библиотеката на соодветната студиска програма, три за членовите на комисијата за одбрана, еден за НУБ и еден за во досието на студентот.
22. Најдоцна до денот на усвојување на извештајот, студентот треба да достави во Одделението за студентски прашања доказ за уплатен износ согласно Ценовникот на факултетот за оценка и одбрана на магистерскиот труд и за уверение и диплома.
23. Административните лица за втор и трет циклус го заведуваат записникот од извршената јавна одбрана на магистерскиот труд (МР - Образец 7) во попис на акти.
24. Административните лица за втор и трет циклус студии најдоцна 7 дена пред денот на одбрана на магистерскиот труд се должни магистерскиот труд во пдф – формат и одлуката за формирање на комисија за одбрана

на магистерскиот труд да ги достават до лицето овластено од деканот за да ги постави трудот во Ризницата на УКИМ.

25. Откако ќе се добие потврда дека трудот е поставен во Ризницата за трудови на УКИМ на студентот може да му се издаде уверение за магистрирање. Потврдата е дел од студентското досие на студентот.

II

Составен дел од ова Упатство се и следните документи (кои се дел од интегрираната универзитетска документација) изработени од страна на стручните служби во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, и тоа:

- Образец 1,
- Образец 2 со Прилог 1,
- Образец 4,
- Образец 4 – 1 со Прилог 2,
- Прилог 3,
- Образец 7 и 7-1,
- Образец 9,
- Образец 10.

III

Ова Упатство влегува во сила од денот на донесувањето.

IV

По еден примерок од ова Упатство да се достави на: деканот, продеканите, раководителите и координаторите на Наставно-научниот колегиум на студиската програма на втор циклус студии, Одделението за студентски прашања, Одделението за библиотечно работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

Д е к а н
на Философскиот факултет

------------------------------------
Проф. д-р Ратко Дуев

Изготвил: Василка Наумоска

Провериле: Виолета Попстефанова

д-р Маја Бакрески

МР-Образец 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: ____________

Датум: __________ г.
СКОПЈЕ

До
Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиска програма по

_______________________________________________________________

# П Р И Ј А В А
*за изработка на магистерски труд*

Од студентот ___________________, со индекс број ______, студент на втор циклус на студии на студиска програма ______________________________ на Филозофскиот Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

По положување на сите предвидени испити на студиската програма ______________________________________________ и добиено позитивно мислење од Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиска програма по ______________________________ го молам Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ми одобри изработка на магистерски труд под наслов:

работен наслов:
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
__________________________________________________

работен наслов на англиски јазик:
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
__________________________________________________

потесна област:______________________

За ментор го предлагам проф. д-р _______________________.

Кон пријавата доставувам образложение за научната, уметничката и стручната оправданост на темата, план за работа и преглед на литература.

**Согласен ментор**

Проф. д-р ______________________________

______________________________
Име и презиме на студент

______________________________
Адреса на живеење

______________________________
Град

______________________________
Телефон за контакт

______________________________
е-маил

Скопје, __________ година

МР-Образец 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број:_____________
Датум: __________ г.
СКОПЈЕ

До
Наставно-научниот совет на
Филозофскиот факултет
Скопје

**Предмет:** Мислење по доставената пријава за изработка на магистерскиот труд бр. _____________ од __________ година, од студентот ____________________________.

Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиска програма по __________________________________________________, на седницата одржана на __________ година ја разгледа пристигнатата пријава со образложение за изработка на магистерски труд со работен наслов:______________________________, на англиски јазик:___________________________________________ од кандидатот ________________________ студент на втор циклус студии, на студиска програма ________________________, со индекс број _______.

На одржаниот состанок, Наставно научниот колегиум утврди дека не постои правна пречка за поднесување на пријавата и дека при пријавувањето на тема запазени се и исполнети се сите барања утврдени со Статутот на Универзитетот како и со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии (Универзитетски гласник бр. 254/2013-пречистен текст).

Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиска програма по ___________________________________________ му предлага до Наставно-научниот совет на факултетот да ја разгледа наведената пријава и дава **позитивно мислење** за изработка на магистерски труд под наслов:

______________________________________________________________________________
____________________________________________________ пријавен од кандидатот ______________________.

За ментор го предлага проф. д-р ___________________________.

Раководител на Наставно-научниот колегиум
За втор циклус студии на студиска програма по ______________________________
______________________________________________

проф. д-р ___________________________.

Прилог 1

Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиска програма по ______________________________________________.

ПРЕГЛЕД

На прифатени теми за изработка на магистерски труд

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | индекс бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Забелешка: Оваа табела треба постојано да се ажурира од страна на ННК, за да се има евиденција на прифатени теми и предложени ментори.

МР Образец 4

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје
Филозофски факултет

Број:__________

Датум: ___________ г.
СКОПЈЕ

До
Наставно-научниот колегиум на
студиската програма ________________________________________

ПРЕДМЕТ: Барање за формирање на Комисија за оцена на магистерскиот труд

Од студентот _____________________________ , со индекс број __________ студент на втор циклус на студии на студиска програма __________________________________________________, контакт информации: тел.__________ е-маил: ________________

Во прилог Ви го доставувам изработениот магистерски труд под наслов:
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
во ____ (____) примероци со барање за формирање на Комисија за оцена на магистерскиот труд.

Студент

________________

Согласен ментор / менторска изјава

Проф. д-р ___________________________

МР-Образец 4-1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје
Филозофски факултет

Број:___________

Датум: _________ г.

СКОПЈЕ

До
Наставно-научниот совет на
Филозофскиот факултет
Скопје

Предмет: Мислење по доставената пријава за формирање на комисија за оцена на магистерскиот труд бр. _____________ од _________ година, од студентот ___________________________.

Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиска програма по ___________________________________________________, на седницата одржана на _________ година ја разгледа пристигнатата пријава за формирање Комисија за оцена на магистерск труд.

На одржаниот состанок, Наставно научниот колегиум утврди дека не постои правна пречка за формирање на Комисија за оцена на магистерски труд и дека притоа запазен е рокот од Одлуката за определување на тема и ментор за магистерски труд.

Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиска програма по ___________________________________________ му предлага до Наставно-научниот совет на факултетот да ја разгледа наведената пријава и дава предлог за формирање на Комисија за оцена на магистерскиот труд под наслов:

______________________________________________________________________________
___________________________________________________________________, изработен од кандидатот __________________________________, во состав:

- д-р ________________________________ ;
- д-р ________________________________ ;
- д-р ________________________________ ;

Раководител на Наставно-научниот колегиум
За втор циклус студии на студиска програма по ___________________________________
______________________________________________

проф. д-р ___________________________.

Прилог 2

Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии на студиска програма по ________________________________________.

# ПРЕГЛЕД

## На формирани комисии за оцена на магистерски труд

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | комисија во состав | индекс бр. |
|---|---|---|---|---|
| | | | 1.<br>2.<br>3. | |
| | | | 1.<br>2.<br>3. | |
| | | | 1.<br>2.<br>3. | |

**Забелешка: Оваа табела треба постојано да се ажурира од страна на ННК, за да се има евиденција на формирани комисии за оцена на магистерски труд.**

Прилог 3

До
Филозофски факултет - Скопје
Универзитет Св.Кирил и Методиј во Скопје

# ИЗЈАВА

Јас ________________________________________________, студент на втор циклус на студии (последипломски студии) на студиската програма ________________________________________, со место на живеење на ул. ________________________________, број _________, во ______________, со ЕМБГ ____________________________ и број на досие _________, изјавувам дека поднесениот магистерски труд под наслов:
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
претставува мој самостоен труд и истиот претставува резултат на самостојна научна работа спроведена во текот на истражувањето.

Согласен сум да ги сносам сите обврски и одговорности кои произлегуваат од неовластено користење на туѓ текст или плагијаторство согласно важечките законски и подзаконски акти кои ги регулираат авторските и сродни права.

____________________________
Давател на изјавата

Скопје, ___________ година

МР Образец 7

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје
Филозофски факултет

Број:_____________

Датум:___________г.

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К

## за извршена јавна одбрана на магистерски труд

Составен на ------------------------, за одбрана на магистерски труд поднесен од-----------------------------------------, студент на втор циклус студии на студиската програма----------------------------------------- под наслов:-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------.

Одбраната на магистерски труд се одржа пред комисијата во состав:

1. Проф. д-р, претседател

2. Проф. д-р, ментор

3. Проф. / Доц. д-р, член

## ТЕК НА ОДБРАНАТА

Кандидатот го изложи своето експозе во кое укажа на основните резултати и сознанија до кои дошол при изработката на трудот. Откако комисијата ги постави своите прашања кандидатот даде прецизни и аргументирани одговори. Се согласи со упатените забелешки и посочените сугестии ги прифати во целост.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното Комисијата утврди дека студентот ---------------------------------- го одбрани со успех магистерскиот труд и се здоби со правото на академски степен Магистер по ------------------------------------------------------------.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Деканот на Филозофскиот факултет да го/ја промовира ____________________во звање Магистер по -----------------------------------------------------.

Членови на комисија за одбрана на магистерски труд

1. Проф. д-р ___________________________, претседател

2. Проф. д-р ___________________________, ментор

3. Проф. / Доц. д-р ____________________, член

МР Образец 7-1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број:____________

Датум:__________г.

СКОПЈЕ

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЗА ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ОЦЕНА И ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД НА** ____________________________

Врз основа на одредбите на Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатот ___________________________ по успешно положување на испитите од II-циклус студии по_____________________________ пријави тема за изработка на магистерски труд под наслов: "______________________________________________________________________________ ______".

Наставно-научниот колегиум на II-циклус студии по _________________________на својата редовна седница одржана на ____________ година, ја одобри предложената тема и за ментор ја предложи ________________________________________.

На својата ______ редовна седница одржана на __________________ година, Наставно-научниот совет донесе Одлука за одобрување тема за изработка на магистерски труд под наслов: "________________________________________________".

За ментор на магистерскиот труд е определен/а _________________________________.

Кандидатот ______________________________ го поднесе изработениот магистерски труд под наслов: „_____________________________________________” во три примероци.

На својата _____ редовна седница одржана на _______________ година, Наставно-научниот совет формира Комисија за оцена на магистерскиот труд во состав: _______________________________________________________.

На ден ________________ Комисијата поднесе извештај за оцена на магистерскиот труд.

На својата ________ редовна седница одржана на _________________ година, Наставно-научниот совет го усвои поднесениот извештај за оцена на магистерскиот труд и формира Комисија за одбрана во состав: ______________________________________________________.

За ден на одбраната е определен _________________ година (____________) со почеток во ______________ часот во _________________________.

МР Образец 9

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје
Филозофски факултет

Број:__________

Датум: _________ г.
СКОПЈЕ

До
Деканатот на
Филозофски факултет
Скопје

Предмет: Барање продолжување на рок за изработка на магистерски труд

Јас ____________________________________________, студент на втор циклус студии на студиската програма ____________________________________________________, со индекс бр. __________ го молам Деканатот на Филозофски факултет да ми дозволи продолжување на рокот за изработка на магистерскиот труд за 6 месеци.

Продолжувањето на рокот за изработка на магистерскиот труд го барам поради ____________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________.

Со почит,

______________________________
Име и презиме на студент

______________________________
Адреса на живеење

______________________________
Град

______________________________
Телефон за контакт

______________________________
е-маил

Скопје, ___________ година

МР Образец 10

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје
Филозофски факултет

Број:_________

Датум: _________ г.
СКОПЈЕ

До
Наставно-научниот совет на
Филозофски факултет
Скопје

Предмет: Барање продолжување на рок за одбрана на магистерски труд

Јас ________________________________, студент на втор циклус студии на студиската програма ________________________________________, со индекс бр. _________ го молам Наставно-научниот совет на Филозофски факултет да ми дозволи продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот труд за ______ . Наставно-научниот на својата седница одржана на _________ година со одлука бр. _______ од _____ г. ја прифати Рецензијата/извештајот за одбрана на магистерскиот труд со наслов ________________________________________________, под менторство на ____________________________ и го определи ---.--.---- како датум за одбрана на магистерскиот труд.

Продолжувањето на рокот за одбрана на магистерскиот труд го барам поради ________________________________________________

________________________________________________ .

Со почит,

Студент

____________________

Согласен Раководител на Наставно-научниот колегиум
за втор циклус студии на студиска програма по ______________________

проф. д-р __________________________.